Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 07.05.2020

На 06.05.2020 во 18,00 часот било пријавено дека на автопатот "Мајка Тереза" на мостот над локалниот пат кој ги поврзува с.Бојане со с.Ласкарци, патничко моторно возило "БМВ" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Н.И.(45) од Гостивар, излетало надвор од коловозот и удрило во бетонски ѕид од мост. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот, по што бил пренесен во Комплексот клиники "Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа на СВР Скопје.

На 06.05.2020 во 06,30 часот било пријавено дека на кванташки пазар во Струмица патничко моторно возило „мазда 3" со гевгелиски регистарски ознаки, управувано од К.Н.(45) од село Мравци-гевгелиско, удрило во пешак В.Џ.(57) од село Стојаково. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобил пешакот, по што бил пренесен во Медицинскиот центар Струмица за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа на СВР Струмица.

На 06.05.2020 во 13,00 часот во Полициската станица Кисела Вода Н.В.(26) од Кавадарци, пријавила дека на ул."Михаил Чаков", била касната од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 06.05.2020 година во 09.20 часот, во Полициската станица Карпош П.М. (78) од Скопје, пријавил дека на ул."Јуриј Гагарин" бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

Во текот на 06.05.2020 на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје 29 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 06.05.2020 околу 15.00 часот во Полициска станица Прилеп било пријавено дека од куќа на ул.„Беровска" во Прилеп, во сопственост на С.А. (23), со воздушна пушка „норика" кал.4,5мм, сопственост на А.З. од Прилеп, која ја поседувал со дозвола, С.А. пукал кон куче скитник во неговата бавча, но го погодил неговиот братучед Н.А.(47) во пределот на главата. Н.А. бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.05.2019 во 13.49 часот во СВР Скопје било пријавено дека во простории на АД „Македонски пошти" под Железничката станица Скопје, на ул.„Никола Карев", по претходно недоразбирање, непознато лице со метална шипка им се заканувало на вработените. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.05.2020 во 10.00 часот во Полициска станица Струмица, А.П.(63) од Струмица пријавил дека од неговата куќа се оддалечил И.М.(82) од Р.Бугарија, со привремен престој во Струмица. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 06.05.2020 во 06.40 часот во Полициската станица Карпош, В.А.(55) од Скопје, пријавила дека на бул.„Митрополит Теодосиј Гологанов" била касната од куче скитник во пределот на левата надколеница.

На 06.05.2020 во 20.20 часот во СВР Скопје, Д.Т.(42) од Скопје пријавил дека околу 17.00 часот, во близина на спортски стадион на ул.„Алија Авдовиќ", по претходна расправија околу сообраќајот, бил физички нападнат од неколку непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 06.05.2020 во 23.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „2" во с.Сарај, скопско, поради претходно нарушени меѓусемејни односи и меѓусебна расправија, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Е.И.(25), Д.И.(38) и С.И.(29), од една страна, и И.Д.(38), од друга страна, сите од с.Сарај. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 од ЗППЈРМ.

На 06.05.2020 во СВР Скопје, А.С.(55) од Скопје пријавила дека околу 17.30 часот на ул.„Пере Тошев", по претходна расправија, била физички нападната од непознато лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Одделението за внатрешни работи Радовиш поднесе кривични пријави против Б.И.(26) од с.Подареш, радовишко, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „телесна повреда" и „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 28.04.2020 пријавениот, во куќа во с.Подареш, каде живее со своите родители, ја нападнал неговата мајка А.И., а подоцна ги нападнал и полициските службеници од ОВР Радовиш при неговото лишување од слобода.

Одделението за внатрешни работи Кавадарци поднесе кривична пријава против В.М.(46) од Р.Косово, со привремено живеалиште во с.Крушевица, Росоман, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „силување". На 02.05.2020 во атар на општина Росоман, пријавениот со употреба на сила се обидел да изврши обљуба над малолетник.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против М.Т.(59) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". Пријавениот од 2010 бил вработен во ЈП „Куманово – Паркинг", со завршен трети степен средно образование за профил „електромеханичар", за кое поседувал диплома, со цел да се унапреди во службата на работно место за кое бил потребен завршен четврти степен образование, набавил фалсификувана диплома за положен завршен испит, со кој се здобил со четврти степен стручно образование од образовен профил „енергетичар" во училиште во Скопје. Фалсификуваната диплома во 2016 ја приложил кај нотар од Куманово и во ЈП „Куманово - Паркинг", а врз основа на истата бил склучен договор за вработување на пријавениот за работно место контролор на паркирање.

СВР Велес, СВР Куманово, СВР Штип, СВР Охрид, СВР Тетово, СВР Скопје и СВР Струмицаподнесоа 79 кривични пријави против: П.Т.(30), В.Т.(29), Е.Б. (34), В.Н.(53), С.Н.(27), М.Р.(22), А.Д.(34), Т.Д.(38), Н.П.(19), С.М.(42), Ш.Н. (31), сите 11 од Велес, Р.А.(23), В.Н.(26), А.М.(35), П.С.(54), Д.П.(62), сите петмина од Кавадарци, Г.С.(49), Љ.Ш.(34), Е.А.(25), Н.Р.(28), сите четворица од Штип, М.К.(19) од Куманово, М.М.(22) од Кратово, Е.И.(29), Њ.М.(46), Н.Ѓ. (30), тројката од Делчево, Б.М.(38), Е.Ј.(48), двајката од Кичево, Д.Ш.(59) од с.Јаорец, кичевско, М.А.(33), А.Р.(24), двајката од Тетово, А.И.(20), З.Т.(57), М.М.(23), А.С.(24), сите четворица од Тетово, Н.А.(25) од с.Бродец, тетовско, Е.Т.(62), Е.Ј.(22), О.Н.(39), Д.А.(42), Ф.С.(24), Н.М.(31), Б.Г.(36), И.Ј. (29), М.Б.(50), Д.В.(49), Е.М.(30), Р.С.(48), З.С.(33), Н.Б.(43), А.Т.(24), М.Ј. (55), А.А.(33), С.Ш.(20), Н.Т.(35), Г.М.(46), А.М.(45), сите 21 од Скопје, Џ.Д. (30), М.М.(21), М.Т.(22), В.Ј.(38), С.Ј.(18), сите пет од Струмица, М.Т.(38) од Кочани, С.Д.(41) од с.Вевчани, С.Т.(48) од с.Курбиново, ресенско, И.М.(27), Е.Р.(29), двајката од с.Градашорци – Василево, Ж.К.(67), Г.П.(68), двајката од с.Мокрино – Ново Село, Д.А.(54) од с.Смолари - Ново Село, А.А.(27) од с.Градашорци - Василево, С.Р.(22) од с.Банско, струмичко, С.Г.(21) од с.Просениково - Василево, А.Л.(25) од Валандово, М.К.(40) од с.Муртино, струмичко, И.М.(62) од Неготино, кои во период од 02.04.2020 до 06.04.2020 не се придржувале кон воведената мерка за ограничено движење; потоа Д.Д. (57) од с.Габрово, делчевско, кој на 16.03.2020 не се придржувал кон задолжителната самоизолација во времетраење од 14 дена, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија" и Б.Т.(33), Г.Т.(54), Р.Т.(17), тројката од Кочани кои во период од 02.04.2020 до 06.04.2020 не се придржувале кон воведената мерка за ограничено движење, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста" и „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија".

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет